# МАНИФЕСТ НА МППС

Сиромаштијата и социјалната исклученост, не претставуваат само економска зависност, туку воедно претставуваат и грубо кршење на основните човекови права.

Тие ги врзуваат луѓето во маѓепсан круг од кој тешко се излегува, ги исклучуваат и маргинализираат нашите сограѓани, го газат нивното достоинство и ја нарушуваат нивната благосостојба. Лошите животните услови и нискиот животен стандард го дефинираат нивниот живот како неквалитетен и го карактеризираат со недоволни приходи, несоодветно образование и здравство, немање сопствено живеалиште, отежнат пристап до јавните услуги, намалено учество во јавниот, социјалниот и политичкиот живот, исклученост од донесувањето одлуки, итн. Освен тоа, сиромашните, исклучените и другите ранливи групи на граѓани, посебно жените и децата, се најчести жртви на насилство од различен тип.

Скоро 50% од населението во Македонија живее во некаков вид на сиромаштија и стапката на сиромаштија е висока на целата територија. И индикаторите за нееднаквоста во Македонија се застрашувачки и укажуваат дека некои социјални групи се несразмерно повеќе изложени на сиромаштија, додека пак со вкупниот доход во земјава располагаат само 5% од граѓаните. Голем дел од населението нема услови за основна хигиена, ниту пак имаат пристап до здравствени установи, нема можност за образование, а дел од нашите сограѓани живеат дури и без основните услови за живот.

Затоа, ние, членките на Македонската платформа против сиромаштија се здруживме во овој сојуз на доброволни, непартиски, невладини организации, неформални здруженија на граѓани, групи за самопомош, синдикати и поединци со цел да ги здружиме нашите напори во насока на акција против сиромаштијата преку промовирање на социјална вклученост, социјална едаквост и правда, демократско општество и граѓанска солидарност. Сите ние ја делиме визијата за Република Македонија како општество на благосостојба, остварена родова еднаквост и целосно воспоставен систем на демократско и одговорно владеење.

Ние ги канализираме потребите на сиромашните, но се посветуваме и на нивно јакнење за свое сопствено застапување. Работиме на иницирање јавни дебати поврзани со овие прашања и на сензибилизирање на НВО секторот за вклучување на сиромашните во своите редови и програми.

Фокусот на платформата е ставен на креирањето на инклузивни програми и лобирање за нивна имплементација преку законската регулатива, со цел превенирање на ризикот од сиромаштијата и намалување на истата, земајќи ги во предвид нејзините причини и

последици. Бараме да се обезбеди одговорност и отчетност на надежните јавни институции и владини органи во поглед на спроведување на нивните програми и превземените меѓународни обврски и одговорности.

Градиме стратешки партнерства со НВО секторот и државните институции за процесите кои се однесуваат на сиромашните, маргинализираните и лицата во ризик за да придонесеме во исполнувањето на нашите цели и да овозможиме поквалитетен живот за сите граѓани. Превземаме и обврска да градиме нови партнерства и да воспоставуваме заедничка соработка со домашни и меѓународни организации, институции и поединци чие поле на интерес и делување е искоренување на сиромаштијата и се залагаме социјално исклучените лица да добијат надпартиско внимание.

Се залагаме за демократија која сакаме да ги почувствува секој граѓанин и секоја граѓанка во Република Македонија.

Животот во сиромаштија, социјална исклученост или дискриминацијата не се индивидуален проблем само на оние кои се соочуваат со тоа, туку претставува проблем и состојба која влијае на сите нас и врз секој од нас. Потребна ни е вашата помош и затоа Ве повикуваме сите Вас, поединци и граѓански организации, да ни се придружите во нашите напори за широка акција против  сиромаштијата, социјалната исклученост, дискриминацијата и кршењето на човековите права и основни слободи и заедно да го зајакнеме притисокот за остварување на заеднички утврдените задачи и цели.

Членството во Македонската платформа против сиромаштија е отворено за сите оние кои сакаат да придонесат за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, ја делат нашата мисија и визија и се гледаат себеси како двигател на промени.

Македонска платофрма против сиромаштија

23.12.2015